**ОПШТИНА КАРПОШ**
**Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## од 62 (Шеесет и втората) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 март 2025 година (четврток)

Шеесет и втората седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 13 март 2025 година (четврток), со почеток во 10.00 часот, во просториите Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатовска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска,
На 62. седница имаше и присуство на граѓани кои што беа уредно идентификувани.

На 62. седница на Советот присуствуваше Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова, како и раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 62.седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 62-та седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по приложениот Дневен ред за работа на 62 седница на Советот на Општина Карпош.

### ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 51. седница**
- **Усвојување записник од 54. седница**
- **Усвојување записник од 55. Седница**
- **Усвојување записник од 56. седница**

- **Усвојување записник од 57. Седница**
- **Усвојување записник од 58. седница**
- **Усвојување записник од 59. седница**
- **Усвојување записник од 60. седница**

1. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ЕВР „Карпош“-Полициска станица од општа надлежност Карпош за 2024 година**
2. **Предлог - Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
3. **Предлог – Завршна сметка на буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
4. **Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош – Скопје**
5. **Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје**
6. **Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје**
7. **Предлог – Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје**
8. **Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј02, потег помеѓу Жданец и Нерези, локалитети А,Б,В, Општина Карпош – Скопје**
9. **Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 10.22 од ДУП за потег меѓу Жданец и Нерези, Блок А (Одлука бр. 07-1263/1 од 23.04.2008 година**
10. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
11. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
12. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
13. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

14. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
15. Предлог – Одлука за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП-3) за период 2025-2030 година на Општина Карпош
16. Предлог – Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во Општина Карпош
17. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година
18. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет" Карпош-Скопје
19. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје
20. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје
21. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје
22. Предлог–Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош" Карпош-Скопје
23. Предлог – Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена" Општина Карпош-Скопје
24. Предлог – Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински" Општина Карпош-Скопје
25. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со попреченост „ПРКОС"
26. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан - опожарени стоки (текстил)
27. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен стан
28. Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило

29. **Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило**
30. **Предлог – Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги КАРА ДООЕЛ Скопје**
31. **Предлог – Одлука за прифаќање донација од Канцеларија на обединети нации за проектни услуги УНОПС**

Претседателот на Совет, посочи дека веќе бил дополнително доставен предлог – записникот од 60. седница на Советот на Општина Карпош од Одделението за поддршка и организација на Советот на Општина Карпош за усвојување бидејќи е потребно како таков да се достави до инспекторат за локална самоуправа.
Исто така, како дополнителна точка доставена во материјали е предлог – точка на дневен ред Одлука за избор на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултет за електротехника и информациски технологии .

Збор зема Градоначалникот со предлог - точка на дневен ред Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија

Збор зема службеното лице Ненад Мирчевски кој побара извинување по добиен емаил од страна на советничката Невена Георгиевска.

Во дискусија влегоа Градоначалникот и Невена Герогиевска - член на Советот.

Збор зема член на советот Татјана Стојановска со предлог - точка на дневен ред „советнички прашања“.

Збор зема членот на советот Невена Георгиевска со предлог – точка на дневен ред Предлог - Барање за автентично правно толкување.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата по дневниот ред и ги стави предлозите на гласање.

Претседателот го стави предлогот за записникот за 60. седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 60. седница

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додаден 60. записник во дневниот ред

Како 32. точка на предложениот дневен ред - Одлука за за избор на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултет за електротехника и информациски технологии .

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена како точка 32 од дневниот ред.

Како 33. точка на предложениот дневен ред - Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена како точка 33 од дневниот ред.

Како 34.точка на предложениот дневен ред - Предлог - Барање за автентично правно толкување.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена како точка 34 од дневниот ред.

Како 35.точка на предложениот дневен ред - Советнички прашања.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена како точка 35 од дневниот ред.

Претседателот го стави изменетиот дневен ред на гласање

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 ВОЗДРЖАН, е усвоен**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ЕВР „Карпош"-Полициска станица од општа надлежност Карпош за 2024 година**
2. **Предлог - Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
3. **Предлог – Завршна сметка на буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
4. **Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош – Скопје**
5. **Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје**

6. Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје
7. Предлог – Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје
8. Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј02, потег помеѓу Жданец и Нерези, локалитети А,Б,В, Општина Карпош – Скопје
9. Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 10.22 од ДУП за потег меѓу Жданец и Нерези, Блок А (Одлука бр. 07-1263/1 од 23.04.2008 година
10. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
11. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
12. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
13. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
14. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат “А” со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
15. Предлог – Одлука за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП-3) за период 2025-2030 година на Општина Карпош
16. Предлог – Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во Општина Карпош
17. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година
18. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**19. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**20. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

**21. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**22. Предлог–Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Карпош-Скопје**

**23. Предлог – Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“ Општина Карпош-Скопје**

**24. Предлог – Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје**

**25. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со попреченост „ПРКОС“**

**26. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан - опожарени стоки (текстил)**

**27. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен стан**

**28. Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило**

**29. Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило**

**30. Предлог – Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги КАРА ДООЕЛ Скопје**

**31. Предлог – Одлука за прифаќање донација од Канцеларија на обединети нации за проектни услуги УНОПС**

**32. Предлог - Одлука за за избор на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултет за електротехника и информациски технологии**

**33. Предлог - Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија**

**34. Предлог - Барање за автентично правно толкување**

**35. Советнички прашања**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледаат и гласаат записници кои се предложени во дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 51 седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 51 седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 51 седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот отвори расправа по записникот од 54 седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 54 седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 54 седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот отвори расправа по записникот од 55. седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 55. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема,** е усвоен записникот од 55 седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа по записникот од 56. седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 56. седница на Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е усвоен записникот од 56. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа по записникот од 57. седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 57. седница на Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е усвоен записникот од 57 седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа по записникот од 58 седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 58. седница на Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е усвоен записникот од 58. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа по записникот од 59 седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 59. седница на Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, е усвоен записникот од 59. седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот отвори расправа по записникот од 60. седница

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 60. седница на Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 60 седница на Советот на Општина Карпош.**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот го повика членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор Славко Митевски во својство на претседател посочи дека седницата на Комисијата за прописи била одржана на 12.03.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

Претседателот на Совет ги замоли претставнците од секторите при Општина Карпош, како и сите граѓани присутни на седницата за претрес на првата предложена точка од дневниот ред да ја напуштат седница.

1. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ЕВР „Карпош“- Полициска станица од општа надлежност Карпош за 2024 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и посочи дека овој материјал е доверлив.

Командирот Александар Симјановски од полициската станица од општа надлежност Карпош го презентираше Годишниот Извештај за работата на ЕВР "Карпош" за 2024 година и одговараше на прашања од членовите на советот.

Претседателот на советот Бранко Ристов го стави на гласање Предлог- Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ЕВР „Карпош“-Полициска станица од општа надлежност Карпош за 2024 година.

Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за работата на ЕВР „Карпош“-Полициска станица од општа надлежност Карпош за 2024 година**

Предстедателот на Совет, го повика членот на Советот Адријана Панчевска Јакимовска како претседател на Комисијата за финансии да извести за точките кои се разгледувале на комисијата.

Зема збор Адријана Панчевска Јакимовска претседател на Комисијата за финансии која посочи дека комисијата се одржала на ден 11.03.2025 година и итегрално извести за сите точки кои се разгледувале и му предлага на советот да ги разгледа и одлучува по истите.

2. **Предлог - Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Членот на Советот Татјана Стојановска со забелешка за извештајот на Буџетот во програмата за урбанистичко планирање потрошени биле 100.000 денари, смета дека таа програма била поништена и не може да се реализираат односно да се потрошат финансиски средства.

Збор зема Мирјана Ѓорѓиевска од секторот за финансии тоа биле средства останати од јавни набавки од 2023 година, а средствата биле исплатени во 2024 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**.

**3.Предлог – Завршна сметка на буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со прашање која била разликата меѓу книжевни и уметнички оригинали и книги за библиотеки, учебници тие книги биле за дотации и донации, биле потрошени средства во износ од 19.983 денари.

Збор зема Мирјана Ѓорѓиевска- од секторот за финансии, која одговори дека тоа биле средства повлечени од страна на училиштата за нивни потреби.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Завршната сметка на буџетот на Општина Карпош за 2024 година.**

**4.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска која посочи дека има забелешки во Годишниот план и прашање за функционална анализа на правилникот за ситематизација, лично смета дека има вработени на несоодеветни работни места и не е во ред сега да има вработување пред избори.

Градоначалникот и членот на Советот Татјана Стојановска влегоа во дискусија.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош – Скопје.**

Престедателот на Совет, го повика членот на Советот Зоран Краљевски како претседател на комисија урбанистичко планирање да извести за точките кои се разгледувале на комисијата.

Зема збор Зоран Краљевски претседател на Комисијата за урбанистичко планирање кој посочи дека комисијата се одржала на ден 12.03.2025 година и интегрално извести за сите точки кои се разгледувале и му предлага на Советот да ги разгледа и одлучува по истите.

5. **Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје.**

Претседателот на Совет предложи заедничката расправа по следните предлог точки, точка бр.06 и точка бр.07, а поединечно да се гласа по истите.

**Предлогот беше усвоен со 12 гласа ЗА и ПРОТИВ нема и 1 ВОЗДРЖАН** од членовите на Советот.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска која го цитира членот
23 од Законот за урбанистичко планирање: „ став (3) Ако одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине врз основа на пропуст во постапката за донесување, донесувачот на планот може да го донесе истиот план со постапка што ќе се состои само од спроведување на делот од постапката за кој се однесува пропустот и истиот бил основ за укинувањето.
(4) Доколку при спроведувањето на постапката од ставот (3) од овој член произлезат и неопходни измени во планското решение, тогаш донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за донесување на нов урбанистички план по постапка од членот 21 од овој закон.
(5)Урбанистички план од член 10 став (1) точките 1, 2, 3, 4 и 5 негов дел или планска одредба се суспендира од применување од страна на донесувачот на планот, доколку се докаже несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување, а произлегува од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него, поради неговата неусогласеност со планови

од повисоко ниво или поради плански решенија чиишто штетни последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за негово донесување.
(6)Донесувачот на планот, одлуката за суспензија ја донесува врз основа на стручен елаборат за суспензија на применувањето на урбанистичкиот план, негови делови или плански одредби, изработен од комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, а по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кое се издава во рок од 15 работни дена по приемот на стручниот елаборат и барањето за мислење.
(7)Одлуката од ставот (6) на овој член е на сила до донесувањето на измени и/или дополнувања на суспендираниот урбанистички план, негови делови или плански одредби, со коишто ќе се надминат и отстранат недостатоците што биле основ за суспензијата, но не подолго од шест месеци за поединечни делови од урбанистички план или одредени плански одредби и една година за целиот плански опфат на урбанистичкиот план.
(8)Одлуката од ставот (6) на овој член не може да се донесе доколку донесувачот истовремено не донесе одлука за отпочнување на постапката за донесување на нов урбанистички план или на измени и дополнувања на урбанистичкиот план од ставот (7) на овој член, со цел отстранување на одредбите од ставот (5) на овој член за кои е докажана штета по јавниот интерес.
(9)По истекот на роковите од ставот (7) и неисполнувањето на условот од ставот (8) на овој член, суспендираниот урбанистички план, неговите делови или плански одредби продолжуваат да се спроведуваат, при што штетите што настанале од суспендирањето на планот како и од неотстранувањето на недостатоците на урбанистичкиот план од ставот (5) од овој член, ги сноси единицата на локалната самоуправа за урбанистичките планови од локално значење и Владата на Република Северна Македонија за урбанистичките планови од државно значење.“

Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска постави прашање дали службите имаат добиено мислење за суспензија, таа смета дека стручниот елаборат за суспензија е во ред но треба да се изработи врз основа на добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа кој е должен во рок од 15 дена да има дадено мислење по барањето на општината. Исто така постави прашање дали постои можност уставниот суд да го сруши овој план и дали има на повидок нови тужби на страна на граѓани ако се донесе овој план.

Збор зема Благица Блажевска од секторот за урбанистичко планирање која одговори дека првенствено треба да се донесе ДУП, не може нешто да се суспендира ако нема предмет со тоа не може да се бара мислење од министерот за суспензија.

За реплика се јави Адијана Јакимовска Панчевска која повторно го цитира став 6 од членот 23 од Законот за урбанистичко планирање: „ Донесувачот на планот, одлуката за суспензија ја донесува врз основа на стручен елаборат за суспензија на применувањето на урбанистичкиот план, негови делови или плански одредби, изработен од комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, а по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кое се издава во рок од 15 работни дена по приемот на стручниот елаборат и барањето за

мислење.“

Збор зема членот на советот Славко Митевски кој смета дека требало да се корегира овој ДУП со цел да се решат дилемите.

Збор зема членот на советот Невена Георгиевска која посочи дека побарала промена во ДУП-от или да се изработел нов ДУП.

Се разви дискусија помеѓу Градоначалникот и со членовите на советот: Владимир Бислимовски,Татјана Стојановска, Невена Георгиевска и Христо Саракинов.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

6. **Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје**

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 2 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје.**

7. **Предлог – Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје**

**8.Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј02, потег помеѓу Жданец и Нерези, локалитети А,Б,В, Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска посочи дека има забелешки околу самиот план односно негово ревидирање за што во 2022 година донесена е и одлука за тоа. Прашањето е дали истата е спроведена и дали е важечка јавната анкета која е спроведена пред многу години.

Градоначалникот Јакимовски по земен збор посочи дека ревидирање и измени на планот неможат да се извршат, тоа е така по добиено мислење од министерство за транспорт и врски и доколку се инсистира на промени ќе треба деталниот урбанистички план да се прави од ново.

Се разви дискусија помеѓу членовите на Советот и градоначалникот по одредени делови од планот но се објаснија решенијата кои се предвидуваат а се согласно закон.

Преставник од проектанската куќа по земен збор детално го образложи планот и посочи дека подобро е планот прво да се донесе па потоа е полесно да се корегира во делови доколку за тоа се појави потреба.Преставникот укажа дека се работи за голем план од 54 хектари кој е поделен на 9 блокови истиот според определен тарифник чини многу пари.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј02, потег помеѓу Жданец и Нерези, локалитети А,Б,В, Општина Карпош – Скопје.**

**9.Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 10.22 од ДУП за потег меѓу Жданец и Нерези, Блок А (Одлука бр. 07-1263/1 од 23.04.2008 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Претставник од секторот даде детално објаснување по точката односно основата за која е потребно да се направи техничката исправка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 10.22 од ДУП за потег меѓу Жданец и Нерези, Блок А (Одлука бр. 07-1263/1 од 23.04.2008 година**

**10.Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Татјана Стојановска и посочи дека посочените парцели се наоѓаат во заштитена зона и апсолутно е погрешно што истите се вклопуваат и тоа со одлука на Советот.Се бара истите да се вклопат во идна планска докуметација која во мометот неможе да се предвиди каква ќе биде истата и дали има проверка според закон за ерозии дали истите влијаат врз јавното добро.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Предлог-Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.**

**11.Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Се разви дискусија помеѓу Градоначалникот и членот на Советот Невена Георгивска по однос на вакви одлуки дали истите треба или не треба да се извршуваат, по што се донесе заклучок дека на истите законот им го овозможува тоа. Се упатија повеќе прашања кон сопсвеникот кој беше присутен на самата седница во однос на тоа кога е изграден објектот и дали целата докуметација која е поднесена е со валидни датуми и рокови бидејќи кривично се одговара доколку тоа не е така.

Сопственикот одговори дека сето тоа што е поднесено е согласно законот и сите датуми се веродостојни и согласен е кривично да одговара ако тоа не е така.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Предлог-Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**12.Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена Предлог – Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.**

**13.Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена Предлог-Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**14.Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат “А” со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Раководителот на секторот кој даде детално појаснување околу самата точка со факти и докази за намерата на новите сопственици како и за намената која планираат да изведат односно приватно здравствена болница.

Свое видување и аргументи по точката дадоа членот на Советот Добрила Андоновска и Претседателот

на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

Претседателот го повика Славко Митевски како претседавач на комисијата за екологија и енергетска ефикасност да извести за точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски кој даде извештај за оддржаната комисијата и соопшти интегрално за точките кои се разгледувале на истата и предлага на Советот точките да се разгледуваат и гласаат.

**15.Предлог – Одлука за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП-3) за период 2025-2030 година на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор, претставник одделението за екологија и енергетска ефикасност кој детално образложи согласно испратените материјали за точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.**

**16.Предлог – Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

По земен збор претседателот на Совет постави одредени прашања по однос на точката во однос на тоа дали навистина ќе се исплати ваково јавно приватно партнерство и дали истото ќе финкционира како што гласи договорот, со оглед на негово искуство вакви примери тесно функционираат.

Од службите и Градоначалникот Јакимовски беше одговорено дека во договорот кој би се потпишал Општина Карпош е целосно заштитена во однос на обврските кои треба правното лице да ги исполнува, исто така доколку истото не ги исполнува договорот може да се раскине и истото лице ќе биде ставено на црна листа неможе да учествува на тендери и има можност да се активира банкарска гаранција која ја има приложено согласно договорот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претедателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Предлог – Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во Општина Карпош**

Претседателот го повика Славко Митевски како претседавач на комисијата за јавни дејности да извести за точките кои се разгледувале.

Зема збор Славко Митевски како претседавач на комисијата кој даде извептај од одржаната седница на Комисијата, соопштувајќи интегрално за точките кои се разгледувале на истата и предлага до Советот точките да се разгледуваат и гласаат.

**17.Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска која постави прашање дали измената во програмата бара да биде ставена и со ребаланс на буџетот.

Од службите одговорија дека само се прави пренамена на средства вкупната сума на програмата останува иста и нема потреба за таква измена - ребаланс на буџет.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената**

**заштита за 2025 година**

Претседателот предложи иницијатива наредните 4 точки да се рзгледуваат заеднички бидејќи се со иста тема а да се гласаат поединечно.

Предлогот беше ставен на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Предлогот за заедничка расправа.**

Претседателот отвори расправа по предложените точки.

Бидејќи никој не се јави за збор, го затвори претресот и точките ги стави на гласање.

**18.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

**19.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**20.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата**

**за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

**21.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**22.Предлог–Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Карпош-Скопје**

Претседателот предложи наредните 2 точки да се разгледуваат заеднички бидејќи се со иста тема а да се гласаат поединечно.

Предлогот беше ставен на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Предлогот за заедничка расправа.**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложените точка.

Бидејќи никој не се јави за збор ги стави точките на гласање.

**23.Предлог – Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“ Општина Карпош-Скопје.**

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на**

**општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“ Општина Карпош-Скопје**

**24.Предлог – Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје.**

**25.Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со попреченост „ПРКОС“**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Се разви дискусија помеѓу членовите на Советот: Славко Митевски, Добрила Андоновска, Татјана Стојановска и Благица Цветановска околу самата точка и редовните обуки кои се спроведуваат во училиштата за нивниот обем и ефектите од тие обуки.

Од одделението по земен збор детално го објаснија проектот кој ќе се спроведе доколку биде изгласан во однос на фазите и активностите кои ќе ги превземе центарот за поддршка на лица со попреченост ПРКОС.

Претседателот на совет даде свое видување по однос на вакви проекти.
Градоначалникот Јакимовски сподели искуство и аргументи во однос на ваква сензитивна тема со сите предности и недостатоци за ваква ситуација, и даде неколку идеи кои би помогнале на децата кои се наоѓаат во таква животна ситуација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоен Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Центар за поддршка на лица со попреченост „ПРКОС“**

**26.Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан - опожарени стоки (текстил)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Градоначалникот Јакимовски даде појаснување по точката која е предложена во однос на тоа каква штета е направена со самиот пожар.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан - опожарени стоки (текстил)**

**27.Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен стан**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства за опожарен стан.**

**28.Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило.**

**29.Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарено возило.**

Претседателот го повика Предраг Станковски како претседател на комисијата за комунални работи и сообраќај да извести за точките кои се разгледувале.

Зема збор Предраг Станковски како претседател кој извести за оддржаната комисија и интегрално за точките кои се разгледувале на истата, предлага на Советот точките да се разгледуваат и гласаат.

**30.Предлог – Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги КАРА ДООЕЛ Скопје**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги КАРА ДООЕЛ Скопје.**

**31.Предлог – Одлука за прифаќање донација од Канцеларија на обединети нации за проектни услуги УНОПС**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Канцеларија на обединети нации за проектни услуги УНОПС.**

**32. Одлука за за избор на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултет за електротехника и информациски технологии**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

По одржана кординација произлегоа 2 кандитати од членовите на Советот - Адријана Јакимовски Панчевска и Мартин Димоски.

По кратко преставување на самите кандитати се гласаше поединечно и повеќе гласови освои кандитатот Мартин Димовски со што и ќе биде именуван како член во Одборот на Факултетот.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката со предлогот на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлука за за избор на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултет за електротехника и информациски технологии.**

**33. Предлог - Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија**

**34. Предлог - Барање за автентично правно толкување**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Невена Георгиевска како предлагач на одлуката со одредена измена во текстот. Измената веднаш беше корегирана во предлог – барањето.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката со измената на гласање.

**По спроведеното гласање со 9 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог - Барањето за автентично правно толкување.**

**35. Советнички прашања**

Зема збор Татјана Стојановска - член на Советот која ги постави следните советнички прашања:

1. Зошто овластениот градежен инспектор не носи Заклучок за извршување по предметот Ип1 бр.64-19 (пералната спроти Борис Трајковски), и по два вонредни инспекциски надзори на

Државен Управен Инспекторат? Роковите се пробиени, а тој не го прави?

2. До каде е постапката за набавка на дрон, дали ќе се обучат инспекциските служби и кога ќе можат да започнат со негово користење?

3. Како општинските инспектори ги објаснуваат континуирано зголемените вредности на мерната станица во К4, за загаденост на воздухот, кои се секогаш драстично поголеми од вредностите на мерните станици во другите делови на Карпош? Колку прекршители се досега утврдени во однос на палењата од другата страна на Вардар и дали се покренати пријави?

4. Кои акции акции Инспекторатот ги презема со депониите кои се јавуваат во урбаните средини? Имаме забелешки од граѓаните за улиците Никола Русински, Никола Парапунов и кај салата Борис Трајковски кај Кејот, рампата е скршена , влегуваат камиончиња, исфрлаат шут и отпад. Дали се преземаат акции во однос на овие диви депонии во урбана средина?

5. Дали може да се постави асфалт 50 цм. на 3 места на пракингот кај Антико, затоа што при дожд се поплавуваат подземните паркинзи.

6. Дали и кога ќе постапи градежниот инспектор по пријава за ул.Козле бр.106 каде има незаштитено градилиште и огромна прашина при градба?

7. Барање, т.е Иницијатива за поставување легнати полицајци околу сите училишта во Карпош и градинките. Реално е општината да го побара ова од МВР а не секој кварт и граѓани одделно.

8. Дали Градоначалникот или општината поднеле иницијатива за оценка на ДУПот во Ѓорче Петров спроти Влае ?

9.Кој субјект врши обнова на опожарените бараки, со оглед дека мојата информација е дека истите припаѓаа на Заводот за урбанизам, кој беше државна институција која веќе не постои, и се наоѓаа на државно земјиште? И секако, за која намена ќе бидат овие обновени објекти, кога Заводот за Урбанизам не функционира, а според ДУП, намената на објектите на таа парцела треба да биде образование и наука?

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 62. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 16:53 часот.

Изработил: Виолета Андреевска
Томче Панчевски

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОТ**

**Број: 09-3714/5**
**Датум: 10.04.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**